Врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/2021 и 14/2025), градоначалникот на Општина Арачиново на ден 05.09.2025 година донесе:

ОДЛУКА
За избор на најповолен понудувач

1. За најповолна понуда согласно Одлуката за јавна набавка бр. **13 – 539** од **24.07.2025** година за **реконструкција на локален пат во село Грушино од КП 1273/1 до КП.741 КО Грушино, и крак 1 од 1273/1 до КП.741 КО Грушино - Општина Арачиново** се избира понудата на понудувачот: **Друштво за градежништво, трговија и услуги ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ Скопје**

2. Договорот за јавна набавка за горенаведениот предмет со избраниот понудувач, ќе се потпише веднаш.
3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки на Општина Арачиново во состав согласно Одлуката бр **13-539** да ја спроведе оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По отворање на понудите доставени за учество во поедноставена отворена постапка бр. **13841/2025** за **реконструкција на локален пат во село Грушино од КП 1273/1 до КП.741 КО Грушино, и крак 1 од 1273/1 до КП.741 КО Грушино - Општина Арачиново,** Комисијата за јавни набавки достави до Градоначалникот првична ранг листа на способни понудувачи за горенаведената постапка.

Комисијата изврши проверка на способноста за вршење на професионалната дејност и личната состојба , како и финансиските понуди на понудувачот, па следствено на тоа и евалуација(рангирање) на прифатливите понуди врз основа на критериумот за доделување на договор за јавна набавка наведени во огласот(најниска цена-100 бода)

Комисијата по спроведената евалуација, го достави Извештајот за текот на постапката до Градоначалникот со предлог за избор на најповолна понуда (најниско понудената цена), и Градоначалникот врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна заштита Врз основа на член 143 став 1 точка 4 од Закон за јавните набавки жалба се изјавува во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.
Согласно член 142 од Законот, жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

Бр. 13-539/1
05.09.2025 година

Општина Арачиново/Komuna e Haraçinës
Градоначалник/Kryetar
/ Ridvan Ibraimi /

Ridvan Ibraimi
Digitally signed by Ridvan Ibraimi
Date: 2025.09.12 11:41:09 +02'00'